# V. Каматна политика

Една од основните карактеристики на движењето на каматните стапки на банките и во 1999 година беше нивниот висок степен на ригидност. Имено, каматните стапки на банките останаа непроменети во текот на 1999 година, без оглед на карактерот на монетарната политика и флуктуациите на економските движења во земјата. Тоа покажува дека каматната политика на деловните банки, како и во претходните години, не беше раководена од чисто пазарни принципи, туку и од фактори од системски и фундаментален карактер: а/ домашното штедење во рамки на банкарскиот систем (и покрај регистрираниот пораст на депозитите кај банките во втората половина од 1999 година) е сеуште на релативно ниско ниво. Клучна улога во процесот на натамошно зајакнување на довербата на економските субјекти и подобрување на степенот на мобилизација на заштедите во банкарскиот систем имаат: банкарската супервизија, функционирањето на Фондот за осигурување на штедните влогови, како и влезот на странски реномирани банки; б/ висока побарувачка за банкарски кредити, што се должи на традиционалната ориентираност на претпријатијата за позајмување на средства од банкарскиот сектор. Во услови на сеуште неразвиена практика за позајмување на финансиски средства на пазарот на капитал, високата побарувачка за банкарски кредити го исцрпува формираниот депозитен потенцијал кај банките и детерминира одржување на високи активни каматни стапки; в/ високо учество на "лоши" пласмани во портфолиото на банките, што се должи на отежнатата наплата на побарувањата на банките од нивните комитенти и ги рефлектира состојбите во реалниот сектор. Воедно, ваквата состојба ја наметнува потребата од поефикасно управување со кредитното портфолио од страна на банките; г/ неефикасноста на судските постапки во врска со наплата на хипотеките. Во услови на бавна реализација на хипотеките, ненаплатените средства од недисциплинираните должници банките ги компензираат преку одржување на високи каматни стапки; д/ неефикасност и високи трошоци на банкарското работење, што претставува одраз на недоволна конкуренција во банкарскиот сектор и го условува постоењето на високи каматни маргини.

Графикон 19

Номинални пондерирани каматни стапки и просечна ликвидност




Номиналните пондерирани активни каматни стапки на депозитните банки во 1999 година во просек изнесуваа 20,5% на годишно ниво и во споредба со просекот од 1998 година беа пониски за само 0,5 процентни поени. Истовремено, номиналните

пондерирани пасивни каматни стапки на банките во 1999 година во просек изнесуваа 11,5%, што е за еден процентен поен под минатогодишниот просек. Во услови на висока ценовна стабилност, активните и пасивните каматни стапки изразени во реални големини се задржаа на релативно високо ниво од 21,6% и 12,6%, соодветно. Со тоа, каматните маргини во 1999 година беа, исто така, високи и изнесуваа 9 процентни поени, што е само за 0,5 процентни поени под нивото од 1998 година.

Високите активни каматни стапки на депозитните банки претставуваа значаен лимитирачки фактор за динамизирање на економската активност во Република Македонија. Така, и во 1999 година остана актуелна потребата од натамошни реформски процеси во банкарскиот систем, придружени со интерно преструктуирање на банките и влез на странски капитал во домашниот банкарски сектор и конечно оформување и имплементирање на релевантна законска регулатива, како основни предуслови за намалување на каматните стапки на банките преку создавање на поттикнувачки амбиент за работење.

Просечната пондерирана каматна стапка остварена на аукциите на депозити со рок од 7 дена во 1999 година беше висока и изнесуваше 17,9% годишно. Во однос на соодветната стапка од минатата година, таа беше повисока за 3,0 процентни поени. Минималната каматна стапка по која НБРМ нудеше депозити за продажба на аукција во текот на 1999 година беше непроменета во однос на 1998 година и изнесуваше 11,0% годишно.

Графикон 20

Движење на просечните пондерирани каматни стапки на аукциите на депозити со рок од 7 дена

(на годишно ниво, во %)




Динамички анализирано, движењето на остварената пондерирана каматна стапка на аукциите на депозити беше условено од односот меѓу понудата и побарувачката на депозити на аукција. Во првиот квартал од 1999 година просечната пондерирана каматна стапка на аукцијата на депозити беше повисока и изнесуваше 19,5%. Тоа се должеше на зголемената побарувачка за ликвидни средства условена од значајниот одлив на депозити од банкарскиот систем, како последица на зголемениот политички ризик и влијанието на психолошките фактори пред отпочнувањето на воените дејствија на Косово. Во иста насока делуваше и зголемената рестриктивност на монетарната политика, детерминирана од потребата за одржување на стабилен

девизен курс на денарот во однос на германската марка во услови на кусок на девизи на девизниот пазар. Во периодот март - јуни 1999 година големиот одлив на средства од банките и отежнатата наплата на побарувањата како последица на војната во СР Југославија, доведоа до влошување на ликвидноста на банкарскиот систем. Тоа доведе до зголемена побарувачка за депозити на аукциите и до уште поголем пораст на просечното ниво на каматната стапка на аукцијата на депозити во вториот квартал од годината (23,0%). Притоа, во одредени денови од мај 1999 година оваа каматна стапка достигна 29,9%, што претставуваше нејзино највисоко ниво. По завршувањето на војната во соседството (јуни 1999 година) започна периодот на нормализација на движењата на каматните стапки. Имено, во втората половина од годината дојде до намалување на побарувачката за ликвидни средства на банките, како резултат на порелаксираната монетарна политика детерминирана од високиот откуп на девизи на девизниот пазар. Подобрената ликвидност на банкарскиот систем во третиот квартал од 1999 година резултираше со намалување на побарувачката за ликвидни средства на аукциите на депозити и намалување на просечната пондерирана каматна стапка на ниво од 14,4%. Значајното намалување на каматната стапка со уште поголем интензитет продолжи и во последниот квартал од годината, кога просечното ниво на каматната стапка се сведе на 13,2%. Притоа, нејзино најниско ниво од 11,8% беше регистрирано во декември 1999 година.

На пазарот на пари и краткорочни хартии од вредност во текот на 1999 година е остварен вкупен промет од 19.795 милиони денари, што е за 67,1% повеќе во споредба со прометот остварен во минатата година. Движењата на пазарот на пари кореспондираа со промените во нивото на ликвидност во банкарскиот систем. Набљудувано од динамички аспект, во првата половина од 1999 година вкупниот промет на пазарот на пари, со исклучок на април, имаше тенденција на пораст, достигнувајќи го своето највисоко ниво во јуни 1999 година (2.392 милиони денари). Меѓутоа, во втората половина на годината, со исклучок на октомври, вкупниот промет имаше тенденција на намалување, при што во декември 1999 година тој се сведе на 1.160 милиони денари, што претставува најниско ниво од почетокот на годината. Просечната пондерирана каматна стапка на пазарот на пари во 1999 година изнесуваше 17,4% на годишно ниво. Во првите два месеца од годината таа во просек изнесуваше 19,3%, а во периодот март - јуни 1999 година, поради зголемената побарувачка за ликвидни средства, таа во просек се одржуваше на ниво од 20,9%. Во втората половина од 1999 година, со нормализација на состојбите и намалувањето на побарувачката за ликвидни средства, просечната пондерирана каматна стапка на пазарот на пари имаше опаѓачки тренд и во последните два месеца од годината се сведе на ниво од 11,6% годишно.

Табела 15

Рочност и каматни стапки на благајничките записи на НБРМ

| Период јануари - октомври 1999 година | | Период ноември - декември 1999 година | |
|---|---|---|---|
| Рочност (во денови) | Каматна стапка (во %, на годишно ниво) | Рочност (во денови) | Каматна стапка (во %, на годишно ниво) |
| 7 | 6,5 | 7 | 6,0 |
| 14 | 8,0 | 14 | 7,5 |
| 30 | 10,0 | 28 | 9,5 |
| 40 | 10,5 | 42 | 10,0 |
| 60 | 11,0 | 56 | 10,5 |
| 90 | 12,0 | 91 | 11,0 |

Во ноември 1999 година беше извршена промена на роковите и намалување на каматните стапки на благајничките записи на НБРМ. Есконтната стапка и каматната

стапка на ломбардните кредити беа непроменети во текот на 1999 година и на годишно ниво изнесуваа 8,9%, односно 18,5%, соодветно. Намалувањето на каматните стапки на благајничките записи е резултат на неопходноста од нивно усогласување со нивото на каматните стапки на пазарот на пари и аукциите на депозити, кои бележеа континуиран тренд на намалување. Тоа доведе до состојба каде што каматната стапка на благајничките записи, како нискоризични хартии од вредност, го надминуваше нивото на каматните стапки на финансиските инструменти со повисоко ниво на ризик, заради што и се пристапи кон редуцирање на каматните стапки на благајничките записи на НБРМ.